***ГРАД СКОПЈЕ***

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за Планирање и уредување на просторот

**Претставник**: Александар Јанкиески

Пом.раководител на Секторот за Планирање и уредување на просторот

**Поверени**к: Бранислав Андонов

Пом.раководител на Секторот за Планирање и уредување на просторот

## ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

## за давање донација на општина Кисела Вода - Скопје

Скопје, март 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), а во врска со член 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на _________2022 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање донација на Општина Кисела Вода - Скопје**

Член 1

Со оваа одлука Градот Скопје на Општина Кисела Вода – Скопје дава донација која се состои од:

- 35 декоративни метални столбови со еднокрака стилска лира, комплет со сијалица од 150W.

Проценетата вредност на донацијата изнесува 840.000,00 денари, со пресметан ДДВ изнесува 991.200,00 денари.

Член 2

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за донација со Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Број ________ СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

_________2022 година ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје Трајко Славевски

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02),утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје,додека со член 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11 и 153/15) уредено е дека како давател на донација и спонзорства може да се јави и домашно правно лице, односно единица на локална самоуправа.

Општина Кисела Вода - Скопје, поднесе две барање и тоа едно под бр.13 -1189/1 од 02.02.2022 год. до Град Скопје - Сектор за планирање и уредување на просторот, во кое изразува потреба од донација на 8 (осум) метални столбови со висина од Н= 5 метри кои ќе се постават на триаголниот парк меѓу бул.„Србија“ , ул.„Христо Татрчев“ и новиот кружен тек и второ барање под број 13-2404/1 од 07.03.2022 год. во кое исто така изразува потреба од 40 метални столбови со украсна светилка со висина од Н=5 метри за поставување на територија на општината.

Општина Кисела Вода е во завршна фаза со расчистување,зазеленување и оплеменување на триаголниот парк меѓу бул.„Србија“, ул.„Христо Татрчев“ и новиот кружен тек кој во моментов нема никакво осветлување. Од тие причини е потребно да се осветли овој дел кој ќе преставува мирно и тивко катче за жителите на овој дел и пошироко за сите граѓани кои ќе го посетат. Затоа е потребно да се постават 12 столба на посочениот објект заради подобро осветлување,а останатите столбови ќе се искористат за подобра осветленост и подобра видливост на слични вакви објекти кои се започнати во општина Кисела Вода.

Град Скопје цени дека барањето за донација е оправдано, бидејќи со осветлувањето на посочениот дел, значително ќе се оформи и разубави тој дел од Општина Кисела Вода и ќе се унапреди квалитетот на живеење на жителите и користење на зелената површина. Поставувањето на светлосните столбови покрај придонес во естетиката, ќе обезбеди поголема осветленост со поширок дијапазон на целиот објект со што ќе се спречи оштетување на истиот.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлуката.